Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14, УЕ 2, Општина Струмица, со површина од 31865,83 $м^2$ односно 3,186 ха.

Планскиот опфат е дефиниран на север по осовина на „ул бр.2" и „ул.бр.8" дефинирани со постојниот ДУП, на исток по осовина на улица „Климент Охридски" и улица број 1, на југ по осовина на улица„бр4" улица„бр5" и улица„бр8" (по ДУП) и на запад по осовина на улица „Ката Поцкова".

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 24.02.2023 година во 12:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

**Член 4**

Нацрт планот за измена и дополнување на ДУП за дел од блок број 14, УЕ 2, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 5**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-942/2
03.02.2023 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов